ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 19.02.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски – заменуван од Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Дадена е информација во врска со изготвена фактура спрема Хидро Осогово, која што треба да биде наплатена.

Дадена е информација во врска со изготовени решенија за присилна наплата на комунална такса за фирмарина.

Дадено е задолжение за изготвување на преглед на активни фирми на подрачјето на Општината кои евидентираат како активни во Централниот регистар на РМ, а кои не се

евидентирани како обврзници во системот на Општина Крива Паланка за утврдување и наплата на даноци на имот и комунална такса за фирмарина.

Дадено е задолжение за изработка на согледување во врска со потребата од дополнително ангажирање на доставувачи на тековни решенија за даноци на имот и комунална такса за фирмарина и начинот на нивно евентуално ангажирање.

Дадена е информација во врска со други тековни работи на ниво на одделение.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Дадена е информација во врска со активностите околу зимското одржување.

Дадена е информација во врска со поднесени барања за санација и изградба на потпорни ѕидови, со задолжение да се формира тим од градежни работници во соработка со ЈП Комуналец, кој ќе работи само на оваа проблематика.

Дадена е информација за елаборати до Министерство за животна средина, а во врска со гасификацијата на Крива Паланка.

Дадена е информација за завршена постапка за избор на изведувач за замена на азбестно цементни цевки во водоводната мрежа на поедини улици во урбаното градско подрачје.

Дадено е задолжение за подготовка на проекти за енергетска ефикасност, со целокупната документација до одобрение.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Дадена е информација во врска со изготвување на спецификација на сите сообраќајни знаци од кои Општината има неопходна потреба, а кои треба да бидат набавени, со обврска за нејзино изготвување најдоцна до крајот на денот (19.02.2018 година) и дадено е задолжение за фиксирање на определени сообраќајни знаци во непосредна близина на Хотел Турист, најдоцна до крајот на неделата (23.02.2018 година).

Дадено е задолжение да се воспостави комуникација со фирма од Скопје за партерно уредување на просторот на потегот од Соларски Мост до Градскиот Плоштад.

Наметната е потребата од изнаоѓање на соодветно решение за наплата на заостанат, а неплатен долг по основ на користење на јавни површини, закуп на претпростор и поставување на урбана опрема на јавни површини од страна на деловни субјекти – угостителски објекти.

Дадено е задолжение, најдоцна до 21.02.2018 година да се формира работна група во врска со Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање која ќе

подготви адекватни сугестии за отстранување на определени недостатоци во постоечкиот законски текст или дури и генерирање на ново законско решение.

Дадена е информација во врска со претстојно советување на тема легализација на бесправно изградени објекти, постапка со градежно земјиште и одобренија за градба и задолжение, најдоцна до 21.02.2018 година да бидат пријавени најмногу 5 лица вработени во Општината, кои да учествуваат на истото.

Дадена е информација за претстојната јавна анкета во врска со урбанистичкиот план 7-А и информација за спроведената презентација за железницата и спроведената јавна расправа, во организација на Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Дадена е информација во врска со подготовката на соодветни материјали за определени интерни процедури.

Дадена е информација во врска со претстојното пензионирање на еден вработен во општинската администрација и постапката поврзана со истото.

Дадено е задолжение да се направи согледување во врска со изготвувањето на решенијата за користење на годишен одмор и решавање на дилемата дали истите да бидат изготвувани како посебен акт, одвоен од самото барање или на еден унифициран образец, заедно со барањето кое се поднесува.

Дадена е информација во врска со тековни постапки за експропријација.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Дадена е информација во врска со отворени постапки за јавни набавки и набројување на истите.

Дадена е информација во врска со тековната достава на акти и актуелните проблеми поврзани со истата.

Дадено е задолжение за предвидување и подготовка на јавна набавка за ISO стандардизација.

Дадена е информација во врска со подготовката на материјалите за претстојната седница на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за 19.02.2018 година.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Дадена е информација во врска со претстојна посета на делегација од Косово, како дел од соработката за имплементација на проектот од програмата за прекугранична соработка со Косово за уредување на старата градска вада и изградба на пешачка патека, како и тековно отстранување на сите дилеми околу определени формалности поврзани со документацијата и самата постапка за реализација на проектот.

Дадено е задолжение за подготовка на комплетен проект за регулација на Дурачка Река и за Бабин Дол, како и апликација за изработка на проектна документација за проектите Станечки водопади и патека до лок.Влашки колиби, преку Бирото за регионален развој.

Дадени се тековни информации за подготовката на традиционалниот настан „Невестинско поклонение 2018“.

Дадена е информација во врска со постапката за пријавување на студенти за користење на субвенциониран превоз.

Дадена е информација за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Дадена е информација во врска со тековни активности во делот на отстранување на хаварисани возила, изнаоѓање начини за отстранување на приколки на тешки товарни возила на локацијата кај поранешната фабрика Карпош и изнаоѓање на соодветна локација за нивно дислоцирање, информација во врска со постапката за отстранување на бараките зад MY MARKET и бараките на локацијата на стариот зелен пазар, опомени за интервентно и неодложно сечење на гранки надвиснати над коловозите и утврдување на динамиката за чистење на речното корито, како и информации за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Дадени се задолженија во врска со претстојната манифестација „Невестинско поклонение 2018“ на ден 25.02.2018 година, од аспект на чистење и одржување на улици, плоштади и паркинг површини и нивно оспособување за непречено користење од страна на посетителите на самата манифестација.

Дадено е задолжение за интервенто крпење на видливи ударни дупки во коловозите и тротоарите на локалните улици и патишта.

Дадена е информација во врска со актуелни проблеми поврзани со обезбедувањето на приклучок на канализационата мрежа во нас.Маневци.

Дадено е задолжение за чистење на речното корито со сечење на вегетацијата и чистење на акумулираниот отпад.

Дадено е задолжение за предлагање на техничко решение за изработка на проекти за изградба на атмосферска канализација, преку програмата за прекугранична соработка.

Дадена е информација во врска со други тековни активности кои произлегуваат од делокругот на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадено е задолжение за дефинирање на проекти и програми преку кои истите ќе бидат аплицирани, како и институции на локално ниво кои ќе се јавуваат како апликанти-носители, а со цел за изнаоѓање на соодветни партнери.

Дадена е информација во врска со престојна посета на консултанти на ден 20.02.2018 година и обврската за прибавување на определени информации и разјаснување на определени прашања и дилеми.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**19.02.2018 година, Крива Паланка**